Институт за човекови права

# Повелбата за фундаменталните права на ЕУ и нејзиното значење

Повелбата за фундаменталните права на Европската Унија[1] ги штити политички, општествени и економски права на граѓаните и жителите на Европската Унија (ЕУ), во правото на ЕУ. Оваа Повелба беше прогласена на 7. Декември 2000 година од страна на Европскиот Парламент, Советот на министри и Европската комисија. Сепак, нејзиниот тогашен правен статус беше неизвесен и немаше целосен правен ефект до стапувањето во сила на Договорот од Лисабон[2] од Декември 2009 година.

Во согласност со Повелбата, Европската Унија (ЕУ) мора да дејствува и донесува закони согласно со Повелбата и одлуките на Судот на правдата на ЕУ[3].

Повелбата се однесува само на земјите-членки на ЕУ во моментот кога тие го спроведуваат правото на ЕУ и не ги проширива надлежностите на правото на ЕУ надвор од надлежностите определени во договорите на ЕУ.

По стапувањето во сила на Договорот од Лисабон во 2009 година повелбата за фундаменталните права има иста правна вредност како договорите на Европската Унија.

Повелбата на ЕУ ги содржи правата од Европската Конвенција за човекови права (ЕКЧП)[4] и додава некои нови, како што се:

- гаранција за човечко достоинство (вклучувајќи биоетика);
- право на физички и ментален интегритет (вклучувајќи ги правата за заштита на личните податоци);
- забрана за трговија со луѓе;

---

[1] Charter of Fundamental Rights of the European Union. Достапно на: https://ec.europa.eu/info/aid-development-cooperation-fundamental-rights/your-rights-eu/eu-charter-fundamental-rights_en
[2] Treaty of Lisbon, Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=celex%3A12007L%2FTXT
[3] Court of justice of the European Union, Достапно на: https://curia.europa.eu.
[4] European Convention of Human Rights. Достапно на: https://www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=basictexts&c.

- право на регистрирано партнерство кое не е ограничено само на парови од различен пол;
- право на азил; и
- голем број социјални и работнички права, вклучувајќи го и правото на фер услови за работа, заштита од неоправдано отпуштање и пристап до здравствена заштита, социјална помош и домување.

## Вредностите и целите на ЕУ:

Заштитата на човековите права е централен принцип на ЕУ кој својата основа освен во Повелбата ја наоѓа и во Договорот од Мастрихт и останатите договори на ЕУ.

Принципите на ЕУ ги вклучуваат човековото достоинство, демократија, еднаквост, владеење на правото и почитувањето на човековите права, вклучувајќи ги и правата на припадниците на малцинствата. Слично на тоа целите на ЕУ вклучуваат борба против социјалната исклученост и дискриминација и промовирање на социјалната правда и заштита, еднаквост помеѓу жените и мажите, солидарност помеѓу генерациите и заштита на правата на детето.

Набрзо по влегувањето во сила на Договорот за ЕЕЗ, Заедницата се етаблира како една од главните политички субјекти со политика разгранета над нејзините економски цели. Во 1964 година Европскиот суд на правдата ја изрече своја одлука во случајот *Коста против ЕНЕЛ* (Costa v ENEL)[5], во која Судот одлучи дека законот на Заедницата треба да има предност над спротивставените национални закони. Ова значи дека државната власт нема да може да го избегне она за кое се согласила на Европско ниво со донесување спротивставени домашни мерки, но тоа, исто така, потенцијално значеше дека законодавецот на ЕЕЗ може непречено да донесува закони со ограничувањата наметнати од одредбите на фундаменталните права содржани во уставите на земјите-членки. Оваа тема дојде до израз во 1970 година, во *случајот Handelsgesellschaft* кога еден германски суд пресуди дека дел од законодавството на ЕЕЗ го прекршил германскиот Основен закон.[6] На повикување на германскиот суд, Европскиот суд на правдата пресуди дека додека

---

[5] Costa v ENEL, 1964. Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A61964CJ0006

[6] Handelsgesellschaft mbH v Einfuhr- und Vorratsstelle für Getreide und Futtermittel, 1970. Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A61970CJ0011

примената на правото на Заедницата не може да зависи од неговата усогласеност со националните устави, фундаменталните права формираат „интегрален дел од општите принципи на правото [на Европската заедница] ”.

## Важноста и примената на Повелбата

Во однос на важноста на Повелбата, таа преставува огромен чекор напред на патот кон создавањето на Унијата како област каде правото и вредности се реалност.

Повелбата е исто така една од најсовремените кодификации на фундаментални права во светот. Ги содржи сите класични гаранции за основните права, кои исто така се загарантирани во Европската конвенција за човекови права, но оди подалеку од неа. Повелбата ги гарантира правата и принципите, вклучувајќи ги и економските и социјалните права, кои произлегуваат од уставните традиции што се заеднички за земјите-членки, судската пракса на Европскиот суд и други меѓународни договори. Понатаму, Повелбата исто така ги штити т.н. "основни права" од третата генерација, како што е експлицитно право на заштита на податоците, гаранции во областа на биоетиката или правото на добра администрација.

Дополнителна вредност на Повелбата е иновативниот процес во кој таа е создадена, преку вклученост на голем број членови на национални и наднационални парламенти, што покажува колку е важна Повелбата за процесот на приближување на Европската унија до луѓето. Лисабонскиот договор го продолжува процесот понатаму со важни случувања кои ја зајакнуваат демократска легитимност на европскиот проект.

Лисабонскиот договор ја постави Европската унија нови темели и и даде нов сет на инструменти. Повелбата за фундаментални права е еден од клучните елементи на овие нови темели. Издигнување на Повелбата како правно обврзувачка - со што граѓаните добиваат можност да преземат правни мерки против институциите на ЕУ - беше голем чекор напред, но, тој беше условен од ефикасната имплементација во пракса. За таа цел беа потребни конкретни резултати, кои ќе да доведат до промена на менталитетот и ќе создадат еден нов вид европска култура на фундаментални права.

Комуникација за стратегијата за фундаментални права на ЕУ беше првиот чекор за ефикасно спроведување на Повелбата. Со цел да се осигура дека сите институции на ЕУ ги почитуваат правата утврдени со Повелбата во нивната секојдневна работа, особено кога се подготвуваат нови европски закони. Повелбата стана компас за сите политики на ЕУ, особено во рамките на Европската комисија и влијае на сите нејзини активности.